Согласно член 18 и член 22, а во врска со член 42 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија, бр.52/2010 и 135/11), Основачкото Собрание на Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје на редовна седница, одржана на 17.08.2023 год. го донесе следниот :

# **С Т А Т У Т**

На Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредуваат името и седиштето, дејностите со кои се остваруваат целите на здружението, начинот на одлучување и зачленување, исклучување и престанок на членување, правата и обврските и одговорностите на членовите и органите, начин на донесување програми за работа, постапување со средства и имот, и други прашања согласно овој Статут.

Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје е невладино, непрофитно, доброволно, непартиско здружение на граѓани формирано со слободно здружување на граѓани заради остварување на еднакво и инклузивно општество и општа благосостојба на сите граѓани преку креирање на родово одговорни и праведни социјални политики на локално и национало ниво.

Член 2

Името на Здружението е Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје.

Името на англиски јазик е Association for equal opportunities, support and advancement of the status of women and youth EQUALITICO Skopje.

Скратениот назив на Здружението е ЕКВАЛИТИКО Скопје.

Член 3

Седиштето на Здружението е на ул.Шекспирова бр.7/2/5, Скопје, а се организира и делува во Скопје и на цела територија на Република Северна Македонија и пошироко.

Член 4

Печатот на Здружението е во кружна форма и го содржи името на Здружението на македонски јазик со кирилично писмо и кратенката ЕКВАЛИТИКО. Знакот на Здружението е во сина боја со амблем на вага во сино бела боја симболизирајќи правда.

Штембилот на Здружението е во облик на правоаголник со испишано име на Здружението во горниот дел, а во долниот дел број, датум, година, место.

Член 5

Здружението има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи на Република Северна Македонија.

Здружението го претставува и застапува Претседателот.

Член 6

Здружението работи јавно. Јавноста во работењето се обезбедува со навремено и целосно информирање на членството и пошироката јавност преку интерните и средствата за јавно информирање како и преку веб страницата, социјалните мрежи и др.

Здружението дејствува на целата територија на Република Северна Македонија. Здружението своето дејствување може да го прошири и на регионално и меѓународно ниво и може да соработува со останати организации, здруженија, фондации и институции и да членува во асоцијации, мрежи, коалиции во земјата и надвор од земјата согласно законските прописи во Република Северна Македонија и согласно овој Статут.

Член 7

Здружението нема да врши политички активности и нема својот имот и средства да ги користи за остварување на цели на политички партии. Здружението може преку своите активности да изразува јавно ставови, мислења за прашања од јавен инерес и да дава предлози, иницијативи за донесување закони и други прописи поврзани со целите и активностите на Здружението.

## 2. ВИЗИЈА и МИСИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### 2.1. Визија и Мисија

Член 8

Визија на здружението е постигнување на еднакво и инклузивно општество и општа благосостојба на сите граѓани преку креирање на родово одговорни и праведни социјални политики на локално и национало ниво.

Мисијата на здружението е активна работа за промовирање и постигнување на еднакви можности на сите граѓани во сите сегменти на општествениот, економскиот и јавниот живот, развој на мултикултурно општество, толеранција и недискриминација.

## 3. ЦЕЛИ, НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ДЕЈНОСТИ

Член 9

### 3.1 Стратешки Цели на Здружението се:

1. Промовирање на еднаквите можности, родовата еднаквост, недискриминација и толеранција
2. Надминување на стеротипите и искоренување на предрасудите во сите области и врз сите основи
3. Делување во насока на економска и социјална правда за сите граѓани пред се за маргинализираните групи граѓани
4. Помош и поддршка на жени и девојки жртви на семејно и родово базирано насилство и отстранување на сите облици на насилство врз сите граѓани согласно меѓународните и националните документи
5. Економско јакнење на жените и младите
6. Промовирање на мирни општества преку вклучување на жените, девојки и младите во промовирање на безбедност, сигурност и инклузивен и одржлив мир
7. Лобирање и застапување за креирање на родово одговорни и праведни економско –социјални политики за сите граѓани
8. Поттикнување на младинскиот активизам и креирање на младински политики
9. Промовирање и заштита на човековите права на интернет преку зајакнување на капацитетите на граѓаните за следење на процесите на дигитализација
10. Јакнење на капацитетот на своите членови и зголемување на базата на волонтери и членови
11. Вмрежување со други граѓански организации на локално, национално и меѓународно ниво

### 3.2 НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

Член 10

Здружението работи на база на донесен годишен план и програма за работа кои ќе се остваруваат преку следните активности на Здружението :

1. Подготовка и спроведување на проекти и проектни активности;
2. Организирање на дебати, конференции, семинари, обуки, обуки за обучувачи, летни и зимски школи, кампањи;
3. Подготовка на анализи, извештаи , студии соодветно на програмските цели и области;
4. Јакнење на капацитетите на сопствена структура и членство и зголемување на базата на волонтери;
5. Вмрежување и соработка со други граѓански организации на локално, национално и меѓународно ниво;
6. Градење на добри односи со граѓански организации од земјата и странство кои работат на иста или слична тематика;
7. Иницирање на активности за јавно застапување и лобирање по однос на законски иницијативи и амандмани соодветно на приоритетните програмски области на Здружението;
8. Реализирање на студиски посети во земјата и странство

### 3.3. ДЕЈНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Предмет на работење на Здружението ЕКВАЛИТИКО Скопје согласно Националната класификација на дејности, а во согласност со стратешките цели на Здружението се:

94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.
70.22 -Дејности на советување во врска со работењето и останато управување

73.20-Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење

### 3.4. ЦЕЛНИ ГРУПИ И НИВО НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

Член 12

Целните групи на Здружението се примарно сите девојки, жени, млади луѓе на локално и национално ниво без разлика на нивната етничка, религиозна, културна, сексуална, полова, расна и др.припадност и определеност. Како секундарни целни групи се сите

граѓани на државата и сите засегнати страни соодветно на програмската област и проектните активности (јавни, академски институции, др. граѓански организации).

Начелата на кои се заснова работата на Здружението се партиципација (учество), транспарентност, одговорност, партнерство, толеранција, еднакви можности и одржливост.

Член 13

Здружението дејствува на национално, регионално и меѓународно ниво.

## 4. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 14

Член во Здружението може да биде секое физичко лице и правно лице кое доброволно ќе пристапи во Здружението на начин утврден согласно Статутот и кое /кои делуваат во слични или исти области во кои делува Здружението со потпишана писмена изјава.

Член на Здружението може да биде секој полнолетен граѓанин на Република Македонија како и странски државјанин. Член на Здружението може да биде и малолетно лице согласно Законот за здруженија и фондации, односно со потпишана изјава за согласност на законскиот застапник. Секој член на Здружението го прифаќа Статутот и Програмата за работа на Здружението.

Член 15

Освен за индивидуални членови, Здружението е отворено и за колективни членства, односно за други Здруженија, други правни лица кои доброволно ќе пристапат и го прифаќаат Статутот и Програмата за работа.

Член се станува со пополнување на пристапница заверена од страна на Здружението, каде се внесуваат податоци за членот (физичко или правно лице).

Здружението води регистар за своите членови, кој регистар се ажурира на најмалку 2 години.

Член 16

Членот има право да биде избран и да учествува во работата на Здружението, да учествува во спроведување на активностите, да ги изнесе своите ставови и е должен да ги почитува Статутот и Програмата на Здружението, да присуствува на состаноци и да ги почитува сите стандарди согласно внтарешните правилници на Здружението.

Член 17

Членството престанува на барање на членот, доколку членот (физичкото и/или правното лице) дејствува спротивно на законите на РСМ, доколку дејствува спротивно на пропишаните внатрешни правилници на Здружението, доколку не го почитува Статутот и ако дејствува спротивно на целите на Здружението.

Одлука за престанок на членството на физичкото и/или правното лице донесува Извршниот Одбор на Здружението.

## 4.1. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 18

**Органи на Здружението се :**

1. Собрание
2. Претседател
3. Извршен одбор

Член 19

## 4.2. Собрание

Собранието е највисок орган на Здружението и го сочинуваат сите членови (индивидуални и колективни) на Здружението.

Собранието се состанува по потреба, најмалку еднаш годишно и по барање на мнозинството членови на Здружението. Седниците можат да се одржуваат и онлајн.

Начинот на свикување и работата на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

Член 20

Собранието ги врши следните работи :

-Донесува Статут, измени и дополнувања на Статутот , Програма за работа и други акти
-Усвојува годишен извештај на Здружението
-Усвојува завршна сметка и финансиски план
-Констатира прием на нови членови и престанок на членување

-Одлучува за здружување со друго здружение и за здружување /зачленување во мрежи, сојузи и во меѓународни организации-мрежи
-Одлучува за престанок на здружението со 2/3 мнозинство

Член 21

Собранието може полноправно да работи и одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членови. Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. Одлуката стапува во сила кога Претседателот ќе ја даде својата согласност за истата.
Претседателот има право да не се согласи со одлуките на Собранието, при што ако одлуката се изгласа со мнозинство гласови од вкупниот број одлуката стапува во сила и без согласност на Претседателот.
Со Собранието председава Председателот на Здружението кој го бира Собранието со мандат од 4 години, право на реизбор и без ограничување на бројот на мандатите.

На Собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите /делегатите гласањето може да биде и тајно.

Член 22

Изборно собрание се одржува на секои 4 години. Конституирањето на органите се врши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите. На изборно Собрание се избираат органи и членови на извршниот орган на Здружението. Собранието од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен Одбор.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена или електронска форма се доставуваат до сите членови на Собранието најмалку седум дена пред одржување на изборна седница.

Член 23

Собранието работи на годишни (редовни) и вонредни седници. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Редовна седница на Собранието свикува Претседателот на Здружението најмалку еднаш годишно во месец Февруари секоја година.

Ако Претседателот на Здружението не свика редовна седница до 15 Февруари седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите-членови на Собранието.

Во случај кога од која било причина Претседателот не е присутен на седницата на Собранието, со неа раководи член избран на истата седница од присутните членови.

Вонредна седница на собранието свикува Претседателот на Здружението, а вонредна седница може да се одржи и по писмено барање од една третина од членовите на здружението.

Вонредната седница на собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

### 4.3. Претседател

Член 24

Здружението го претставува и застапува Претседателот пред трети лица. Претседателот го бира Собранието на ЕКВАЛИТИКО Скопје со просто мнозинство. Претседателот има мандат од 4 години со право на повторен избор без ограничување на бројот на мандатите. Претседателот на Здружението воедно е и претседател на Извршниот одбор.

Член 25

Претседателот на Здружението ги има следние обврски, права и надлежности :

-Го претставува и застапува Здружението

-Ја организира, координира и насочува работата на Здружението

-Склучува договори, спогодби во име на и за сметка на Здружението

-Донесува одллуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на здружението

-Се грижи за правилна примена на законски прописи во обласат на дејностите што ги врши Здружението

-Ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението

-Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации

-Избира и разрешува членови на Извршен одбор

-Донесува Деловник за работа

-Одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението

-Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и актите на Здружението

**4.4. Извршен одбор**

Член 26

Извршниот одбор е орган на Здружението задолжен за формулирање и креирање политики за реализиција на целите на Здружението согласно Статутот. Секој член на ИО има еднакви права, обврски, и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

Член 27

Собранието на Здружението од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија ги избира членовите на Извршен Одбор.

Извршниот одбор на Здружението го сочинуваат непарен број на членови, а најмалку 3 члена. Мандатот на членовите трае 4 години.

Претседателот на Здружението свикува седници на ИО, предлага дневен ред и ги раководи седниците, а во негово отсуство ќе раководи член од ИО кој ќе го назначи претседателот.

Претседателот на Здружението е должен да свика седница на ИО најмалку еднаш во 6 месеци, а по потреба повеќе пати или по барање на 1/3 од членовите на ИО.

Седница за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлот на мнозинство од вкупниот број членови.

Начинот на свикување на седница и работењето на ИО се уредува со Деловник за работа.

Член 28

Во надлежност на Извршниот одбор е следното:

-Ја подготвува годишната програма и план за работа

-Ги подготвува седниците на Собранието, подготвува материјали за седниците

-Ги спроведува заклучоците и одлуките донесени на Собранието

-Ја подготвува нацрт-верзијата на Статутот, прелага измени и дополнувања на статутот

-Подготвува годишен наративен и финансиски извештај за својата работа

-Предлага и спроведува финансиски план и подготвува завршна сметка на Здружението

- Организира и активно учествува во спроведување на акции, манифестации

-Донесува деловник за работа

-Врши и други работи предведени со овој Статут и со релевантните законски норми

Член 29

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението. Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на членови може да изгласа недоверба на секој член поединечно или на целиот Извршен Одбор.

Постапката за гласање на недоверба на ИО се уредува со деловник за работа на Собранието.

## 5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО -СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВА

Член 30

Здружението остварува средства од :

-донации, прилози, спонзорства,

-буџет на РСМ

-буџет на локални самоуправни и град Скопје

-преку изработка на проекти и аплицирање кај меѓународни донатори

-преку давање на услуги на други здруженија, организации и институции

-преку други услуги согласно законските акти и Статутот на здружението

Средствата се користат рационално и наменски во согласност со Програмата на работа на Здружението. Со средствата располага Извршниот Одбор, а наредбодавател е Претседателот на Извршниот Одбор кој воедно е и Претседател на Здружението.

Член 31

Здружението донесува свој Годишен финансиски план за приходи и расходи кој ги содржи сите приходи кои се стекнуваат по основ на член 27 како и расходите поврзани со работата на Здружението заради остварување на целите на здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Право на толкување на одредбите од овој Статут има Собранието на Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје, а меѓу две собранија Извршиот одбор и Претседателот на Здружението.

## 7. ПРЕСТАНОК НА РАБОТА

Член 33

Здружението престанува со работа во следните случаи :

-Ако бројот на членовите се намали под бројот на членови определен со Законот за здруженија и фондации

-Ако за тоа одлучат основачите и членовите

-Ако се утврди дека здружението престанало со работа

- Ако е донесена одлука за тоа на Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство од сите членови на Здружението.

Член 34

Во случај на престанок на работата на Здружението, по намирување на сите обврски , преостанатите средства се пренесуваат на Претседателот на Здружението и членовите на ИО.

Член 35

Овој статут влегува во со сила со денот на неговото донесување

Скопје, 17.08.2023

Здружение за еднакви можности,
поддршка и унапредување на статусот на
жените и младите ЕКВАЛИТИКО Скопје

Претседател

Даниела Антоновска